АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 13.05.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 1987 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 21 и 26 април 2022 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 мај 2022 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации*);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 15.04.2022 година, за непочитување на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-120 од 15.04.2022 г.) на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот веднаш по приемот на решението (18.04.2022 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор, реализиран врз програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 и на 26 април 2022 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно - не ја отстранил извршената повреда на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - *забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.***

Повтореното прекршување на Законот е направено во изданието на емисијата „Ја сакам Македонија“ од 26 април, така што меѓу бројните, повеќетематски прилози од кои е составена оваа информативно-забавна програма, опфатен е и долготраен прилог реализиран како детална, а необележана комерцијална презентација на „гранитек“, садови за готвење што ги продава фирмата „Комодита хоум“.

Прилогот, во ниту еден момент од својата аудиовизуелна целина што трае 8 минути, графички воопшто не е означен како облик на аудиовизуелна комерцијална комуникација. Изрежиран е како презентациски дијалог меѓу водителката на емисијата „Ја сакам Македонија“ и претставничка на фирмата „Комодита хоум“, снимен е со среднокрупни и со крупни планови, и целосно, по сите свои визуелни и вербални елементи, претставува директна комерцијална понуда: - подробно, со суперлативи ги опишува квалитетот, составот и функционалноста на производот; - компаративно му ја кажува продажната цена со вклучен попуст; - посочува како да се купи, со можност за бесплатна достава до куќната адреса на потрошувачот.

Прилогот дополнително го доведува гледачот во заблуда за својата програмска намена затоа што - во периодот од 11:54:47 до 11:59:47, на истиот датум, за истиот производ е емитуван и означен телешопинг спот насловен - „Комодита ТВ-шоп“.

За правната аргументација против опишаната прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација служат и следниве извадоци од презентацискиот дијалог, дадени како буквални цитати:

<u>Водителката</u>: *Она што денес ќе го направиме со Валбона (Фазлиу, претставничката на „Комодита хоум“) - ќе ви ја презентираме денешната понуда на „Комодита хоум“ којашто ќе оди и на Сител телевизија во текот на денов, и само денес нивниот бестселер – садовите за готвење „гранитек“ ќе имате можност да ги добиете по најповолни услови. А, сè за „гранитек“ ни објаснуваш Ти (Валбона).*

<u>Претставничката на „Комодита хоум“</u>: *Денеска Елена не е едноставна понуда што ќе ја презентираме, бидејќи станува збор за бестселер производ во „Комодита хоум“, што е нашиот сет за готвење „гранитек - 9 парчиња“. Сакам да почнам од самата изработка, бидејќи станува збор за петослоен материјал од којшто се изработени овие садови, но исто така сакам да напоменам на почеток дека имаме над 12 илјади среќни корисници на овој пректрасен сет. Затоа овој сет „гранитек“ е толку познат во нашиот бренд, и зошто толку е баран од нашите потрошувачи. Станува збор за трислоен гранит, којшто е многу издржлив материјал, многу цврст материјал, заедно со комбинација со керамиката, два слоја на керамика, овозможува нашата храна никогаш да не се лепи. Кога нашата храна нема да се лепи, тоа значи дека никогаш нема да се појавуваат корозија, токсини, од нашето јадење до нашиот организам. Така ние секогаш ќе бидеме заштитени од овие хемикалии. Исто така, многу важен дел за сите ние жени, да кажеме овојпат, е дека одржувањето ќе биде на најлесен начин. Храната никогаш не се лепи, исто така внатрешниот и надворешниот материјал се изработени од истиот. Нешто многу важно од нашите садови е дека имаме алуминумска плочка. Оваа алуминиумска плочка овозможува 360 степени да се прошири топлината и истовремено да биде подготвена храната внатре во тенџерето или во тавата. (...) Денеска оваа понуда важи за „Комодита ТВ-шоп“, што значи дека само преку нашиот бесплатен телефонски број 0800 00206, вие може да го натрачате овој прекрасен производ за само 6149 денари, со две години гаранција. Но тоа не е сè, преку „Комодита ТВ-шоп“ денеска добивате и тава за палачинки.*

**Водителката**: *Знаеш дека секогаш сакам да направам споредба. Доколку, еве на пример, денес е 6149 денари, тука веќе добиват гледачите три тенџериња, добиваат три тави затоа што и тавата за палачинки ја сметаме, и меѓу другото, кога станува збор за тавите, Валбона спомена ова е грил-тава за месо, како на скара, ова е тавата којашто исто така може да функционира и како тенџере затоа што е подлабока и поголема, и трите тенџериња. Сите овие парчиња Валбона, колку би биле редовна цена?*

**Претставничката на „Комодита хоум"**: *Над 16 иљјади денари.*

**Водителката**: *Значи, од редовна цена над 16 иљјади денари, само денес, сите овие парчиња, комплетен сет за во кујна за 6149 денари, и мислам дека е навистина фантастична понуда. Овие фантастични понуди ги добивате само еден ден, и токму денешниот ден вторник е ден на „гранитек" во „Комодита ТВ-шоп", што значи дека можете и денес, можете и сега, со јавување на 0800 00206 да си ги добиете сите парчиња со бесплатна достава до вашиот дом, или, пак, можете исто така додека ја гледате денешната емисија „Комодита ТВ-шоп" да се јавите, и не само додека ја гледате и кога ќе заврши, целиов ден важи.*

| **Опис на содржината** | **Датум** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | **почеток** | **крај** |
| **Прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација**:<br>– необележана презентација на производ продаван од „*Комодита хоум*", емитувана во информативно-забавната емисија - „*Ја сакам Македонија*"; | 26 април 2022 г. | 08:30:47 | 08:39:07 |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 26 април 2022 година, во информативно-забавната емисија „Ја сакам Македонија", **беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација на садови за готвење што ги продава „Комодита хоум"**.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка – јавна опомена, донесено на 15.04.2022 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на повредата од членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

**Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***